РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 14.07.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 7894/2 | 0 | |

ФЗОРСМ
FSSHRMV

**Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**
**Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

Број:---------------
14 JUL 2020
--------------------- 2020 година
Скопје

**Од. Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**

**До: Приватни здравствени установи – аптеки**
**Копија до: Фармацевтска комора на Македонија**

**Предмет: Дополнување на Известување бр. 03-7894/1 од 11.06.2020 год.**

Почитувани,

Во врска со доставениот допис бр.03-7894/1 од 11.06.2020 година, кој се однесува на електронско потпишување на еРецептот, Ве информираме :

При издавање на секој поединечен лек на рецепт на товар на Фондот, фармацевтот и фармацевтскиот техничар кои го издале лекот треба еРецептот да го потпишат со квалификуван дигитален сертификат за да се овозможи валидност на електронските рецепти. Поради тоа потребно е во најкраток можен рок секој учесник во процесот на издавање на лекови да обезбеди квалификуван дигитален сертификат. Фондот ќе прифати дигитален сертификат без разлика дали е издаден на физичко или на правно лице. Аптеката **нема потреба** да набави електронски печат ниту временски печат.

Ваквите измени поврзани со начинот на кој ќе се врши електронското потпишување на секој еРецепт со квалификуван дигитален сертификат ќе бидат опишани со Техничкото упатство.

Во меѓу период до целосна имплементација и примена на системот за електронска валидација на секој издаден рецепт, Фондот имплементира преодно решение, кое ќе биде применливо од страна на сите аптеки.
За користење на ваквото решение аптеките нема потреба да прават никакво прилагодување на нивниот софтвер, а единствен обврзувачки услов е да имаат обезбедено **квалификуван дигитален сертификат за фармацевтот – носител на дејност во секоја работна единица на аптеката.** Измената по однос на досегашниот начин на потпишување на фактурата е во тоа што истиот процес сега ќе се одвива во два чекори:

1. Овластениот фармацевт – носител на дејност за соодветната работна единица, користејќи го својот дигиталниот сертификат ја потпишува спецификацијата со издадените лекови за изминатиот месец, со што ја потврдува валидноста на издадените лекови.
2. Овластениот потписник на фактурата за соодветната работна единица согласно востановената пракса ја потпишува и ја проследува фактурата до Фондот.

Вака утврдениот принцип на валидација за прв пат ќе се примени на фактурата за месец јули, која согласно договорните обврски со Фондот треба да биде доставена од 01-10 август. Ваквата валидација ќе се однесува и на фактурите и спецификациите за наредните месеци, се додека не бидете известени за промени. Воедно, останува обврската да се доставува само фактура во печатена форма, на утврдениот начин, додека спецификацијата ќе се потпишува само електронски и нема потреба да се печати.

За да се обезбеди конзистентност на доставените податоци ќе биде потребна дигитална верификација од страна на фармацевт – носител на дејност и на спецификациите за месеците мај и јуни 2020 година. За начинот на кој ова ќе се реализира за изминатите месеци, ќе добиете соодветни насоки на порталот на ФЗО.

За лековите кои се пропишуваат за акутна терапија ќе треба да се приложува и хартиениот рецепт, бидејќи истите не се опфатени со овој Проект.

Со почит,

**ВД ДИРЕКТОР**
**Миле Сугарев**

**ДИРЕКТОР/ DREJTOR**
**Orhan Ramadani**

Изготвил: м-р Даниела Јовческа – Ѓуровска
Татјана Ѓорѓиевска
Кристина Тосевска
Согласен: Јасмина Смилевска
Ирина Луческа
Сашо Станчески